Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-3**
**Датум: 18.01.2022 година**

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение Центар за културни, еколошки, образовни, хуманитарни и спортски активности „Синапса“- с. Црнилишта, Долнени (во натамошниот текст: Синапса) |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ банка АД, Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: , претседател | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.01.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.01.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | |


Министерство за култрана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Наредбата од раководителот на на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК), бр. 57-3 од 10.01.2022 г., а во врска со иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста и од Работната група за преглед и проверка на прифатени проекти по Конкурсот за учество во финансирање проекти за Манифестацијата „Нов културен бран“ во 2019 година, бр. 44-9216/63 од 23.09.2021 г. и бр. 44-9216/82 од 06.12.2021 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 21.000 денари (од вкупно одобрените 30.000 денари), согласно со Договорот бр. 18-10666/1 од 25.09.2029 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, земена е изјава и од следното лице:

| Име и презиме | Телефон | Својство |
|---|---|---|
| | | Професор на Универзитетот „Мајка Тереза“ од Скопје и учесник на Изложбата на која доделил диплома на еден од тројцата наградените ученици |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. - По поднесената Пријава бр. УП1 18-440 од 29.08.2019 г. на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2019 година, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 18-440 од 19.09.2019 г., прифатен е проектот на Синапса: „Моделираме, дизајнираме, проектираме со растителен свет“, а за негова реализација доделени се средства во износ од 30.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 18-10666/1 од 25.09.2019 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 30.000 денари за реализација на проектот „Моделираме, дизајнираме, проектираме со растителен свет“.

- Синапса доставила Барање за исплата на средства за реализација на проектот, бр.18-10666/2 од 03.10.2022 г., како и Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, бр. 18-11312/1 од 09.10.2019 година. Во Оперативниот и финансиски план е предвидено трошење на буџетските средства за следните намени: хонорари за двајца предавачи-обучувачи на сите учесници (ученици од V-IX одделение) - 12.000 денари, трошоци за печатење на банери, флаери и друг пропаганден материјал - 10.000 денари и за канцелариски материјали (хамер, лепило, боја, склапери, хартија во боја) - 8.000 денари.

- Со Решение за преведување средства бр. 18-10666/3 од 20.12.2019 г. од 20.12.2019 г. од страна на МК преведен е прв дел (аванс од 70%) од средствата за реализација на проектот во износ од 21.000 денари (Банковен извод бр. 1 од 25.12.2019 г.).

- Според презентираната фото документација, како и изјавате на претседател на Синапса и на професор на Универзитетот „Мајка Тереза“ од Скопје (учесник на Изложбата на која доделил диплома на еден од тројцата наградените ученици), проектот „Моделираме, дизајнираме, проектираме со растителен свет“ е реализиран со одржување на Изложба на моделираните проекти од растителен свет, на 12.10.2021 година во дворот на основното училиште „Исмаил Ќемали“ во с. Црнилишта, Долнени. На Изложбата биле презентирани проектите на 40-ина ученици од VI до IX одделение, при што биле доделени дипломи на тројца ученици со најдобро изработени проекти.

Според Иницијативата од Работната група, спорен е датумот на одржувањето на Изложбата, со оглед дека на флаерот доставен до МК е наведен 12.09.2019 г, додека на останатите документи доставени во Наративниот и финансиски извештај е наведен 12.10.2019 година (одржувањето на Изложбата на 12.09.2019 г. е спорно од причина што, согласно со објавениот Конкурс на МК, проектите треба да се реализираат од 20.09.2019 до 15.10.2019 г.).

Меѓутоа, при надзорот е утврдено дека проектот е реализиран согласно со условите на Конкурсот, односно на 12.10.2019 година. Не само според изјавите на и тuку и од увидот при надзорот во дополнително доставените фотографии од одржувањето на Изложбата (при што на доделените дипломи на учениците е наведен датумот 12.10.2019 г.), како и од увидот во фејсбук профилот на , на којшто се постирани фотографии од настанот на 12.10.2019 година.

10.3. - Трошењето на авансно преведените средства за реализација на проектот, се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошок | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДООЕЛ-Скопје | Печатење на флаери, програми, постери | 10.000 | -Платено по Фактура бр. 19-2019 од 10.12.2019 г.<br>- Банковен извод бр. 2 од 27.12.209 г. |
| 2. | ДООЕЛ-Прилеп | Канцелариски материјали (фломастери, боици, папки, лепило, хамер, и сл.) | 8.000 | -Платено по Фактура бр. 19-2019 од 10.12.2019 г.<br>- Банковен извод бр. 2 од 27.12.209 г. |
| 3. | | Координатор, обука и тренинг на учесниците во проектот | 3.000 (бруто) | -Платено по Пред договор бр.03-08/1 од 22.08.2019 г.<br>(2.700 д. на трансакциска сметка и 300 |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | д. персонален данок на трезорска сметка)<br>- Банковен извод бр. 10 од 02.10.2020 г. |
| **Вкупно:** | | | **21.000 денари** | |

- Според изјавата на претседателот , од предвидените хонорари за двајцата предавачи-обучувачи на учесниците во проектот, во вкупен износ од 12.000 денари (6.000 денари за по Пред договор бр. 03-08/1 од 22.08.2019 г. и 6.000 денари за по Пред договор бр. 03-05/1 од 22.08.2019 г.) исплатени се само 3.000 денари, но двајцата предавачи се откажале од останатиот износ на хонорарите, што значи дека проектот проектот „Моделираме, дизајнираме, проектираме со растителен свет“ е реализиран во рамки на авансно преведените средства во износ од 21.000 денари, а Синапса нема дополнителни ненамирени обврски кон доверители побарувавања.

10.3. - Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финансиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека Синапса доставила Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот (за потрошениот прв дел од средствата, како и за преземените обврски, согласно со Договорот), заведен во МК под бр. 18-2562/1 од 24.02.2020 година, односно, три месеци по предвидениот рок, поради што од страна на инспекторот му е укажано на претседателот за доследно почитување на роковите утврдени во договорите со МК .

**10.4. Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор констатирано е дека:**

- **Синапса го реализирала проектот „Моделираме, дизајнираме, проектираме со растителен свет“, а авансно преведените средства од Министерството за култура во износ од 21.000 денари ги потрошила наменски, согласно со намените предвидени во Оперативниот и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК. Синапса целосно го реализирала проектот во рамки на авансно преведните средства и нема дополнителни ненамирени обврски кон доверители, односно, нема побарувавања за дополнителни средства од страна на МК.**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- **Синапса доставила до Министерството за култура Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, но не во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, туку три месеци по предвидениот рок, поради што од страна на инспекторот му е укажано на Претседателот Самдин Имери за доследно почитување на роковите утврдени во договорите со МК.**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на член 68 од Законот за културата (освен горенаведеното задоцнето доставување на извештај, за што му е записнички укажано на корисникот), инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | 24.01.2022 г. | Датум: | 18.01.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk